РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-37/3
13.01.2025 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) , Градоначалникот на Општина Пробиштип донесе:

## ОДЛУКА
**За избор на кандидат за вработување на административен службеник во Општина Пробиштип**

1. За извршител за работно место **Самостоен референ за даноци на имот во Одделението за финансиски прашања во Општина Пробиштип со шифра на работно место УПР0101Г01000 се избира кандидатот Дамјан Неделковски** со идентификациски код DCD3C7C.
2. Избраниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 од оваа одлука по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На ден 30.11.2024 година во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр. 313/2024 за вработување на еден извршител на работно место Самостоен референ за даноци на имот во Одделението за финансиски прашања во Општина Пробиштип.

Со Решение бр.10-1669/3 од 04.12.2024 година формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација. Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција за административен службеник на ден 18.12.2024 година и достави Записник бр. 10-1669/4 .

На ден 30.12.2024 година Комисијата спроведе испит за административен службеник за што достави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-1669/4 .

На ден 08.01.2025 година Комисијата изврши проверка на веродостојноста на докази и спроведе интервју за административен службеник, за што достави Записник бр. 10-1669/35/2.

По спроведената постапка извршено е бодирање и Комисијата изготви Конечна ранг листа и Предлог за избор на кандидат за вработување за работно место Самостоен референ за даноци на имот во Одделението за финансиски прашања во Општина Пробиштип бр. 10-1669/35/3 од 08.01.2025 година.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидат, Градоначалникот на Општина Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Агенцијата за администрација

Изготвил: Јованка Данева

Општина Пробиштип
Секретар
Билјана Ефтимова